Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 36 / 0306
16.09 2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 10 септември 2019 година, врз основа на примена жалба од Даниел Калајџиески, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**Веб – страницата на весникот Слободен печат, со текстот насловен „Вредеше ли? Катица Јанева се прости од мајка ѝ, но не дочека да ја спуштат во гробот (фото)", го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 7.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 22 август 2019 година, Даниел Калајџиески поднесе жалба за текстот насловен „Вредеше ли? Катица Јанева се прости од мајка ѝ, но не дочека да ја спуштат во гробот (фото)", објавен на 22 август 2019 година на веб-страницата на весникот Слободен печат (www.slobodenpecat.mk).

Во жалбата се наведува дека во текстот има нарушување на приватноста.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Слободен печат" и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Главниот и одговорен уредник, Ана Анастасовска, директно не се изјасни за наводите на жалителот, туку само побара од Советот за етика да ѝ ја испрати предметната жалба за да утврделе за што станува збор, а потоа да се произнесат како медиум.

Советот за етика во електронската комуникација со Анастасовска посочи дека како тело, согласно деловникот за работа, немаат пракса да ја доставуваат жалбата директно до засегнатиот медиум, туку целокупната жалба ја синтетизира во рамките на барањето за одговор до медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 7.

***Член 7:*** *„Новинарот ќе ја почитува приватноста на личноста, освен кога тоа е во спротивност со јавниот интерес. Новинарот е должен да ја почитува личната болка и жалост".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 10 септември 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека иако субјект на текстот е високо позиционирана јавна личност, во случајов, Специјалната јавна обвинителка, Катица Јанева, содржината сериозно задира во нејзината приватност. Се работи за текст, кој пренесува информација за доаѓањето на притворената обвинителка на погребот на својата мајка во Гевгелија.

Содржината недвосмислено произлегува од јавниот интерес и токму пради чувствителноста на темата, новинарот морал да внимава на изборот на зборовите, наместо да користи јазик, кој содржи елементи на сензационализам. Правото на јавноста да биде информирана не може да биде оправдување на потребата од сензација.

Информации за приватниот живот на одредена личност можат да бидат објавени само доколку однесувањето на таа личност во приватниот живот има влијание врз јавниот интерес. Во такви ситуации, треба да се провери дали објавувањето на информацијата би можело да загрози и некоја друга личност. Ова од причини, што медиумите мораат да направат јасна проценка дали правото на јавноста да биде информирана преовладува над правото на личноста да ја зачува својата приватност. Оттука, Комисијата се согласи дека во текстот на „Слобден печат“ е прекршен **членот 7** од Кодексот на новинарите, отстапка, која е нагласена во насловот и завршниот дел од текстот.

***„Вредеше ли? Катица Јанева се прости од мајка ѝ, но не дочека да ја спуштат во гробот (фото)“.***

***„Гевгеличани се прашуваат, вредеше ли ова што го направи обвинителката за да не може да присуствува на погребот на сопствената мајка“.***

Кога известуваат за настани кои предизвикале лични трагедии, болка и шок - новинарите, фоторепортерите и снимателите треба да покажат сочувство, дискреција и обѕир, наместо да нудат сопствени заклучоци и судови, како што е во горенаведените реченици.

Создавајќи го новинарскиот производ, авторот морал да внимава да не ги загрози и другите човекови права на сите инволвирани личности, професионална одговорност, која (покрај Кодексот на новинарите на Р.Македонија) произлегува и од Декларацијата на Комитетот на министри на Советот на Европа за слободата на политичка дебата во медиумите (872 состанок од 12.02.2004 година). Поконкретно, се работи за делот каде што се потсетува дека остварувањето на слобода на изразување, со себе носи обврски и одговорности за кои вработените во медиумите мора да водат сметка и дека тоа легитимно може да биде

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

ограничено поради одржување рамнотежа помеѓу остварувањето на ова право и почитувањето на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот на весникот Слободен печат (www.slobodenpecat.mk) во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595